Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ВАШ ЕКО-ДОМ Управител Дооел Скопје** за кастрење на дрва Градоначалникот на Град Скопје донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 23 (дваесет и три) дрва (11 чемпреси,4 јавори,2 дудинки и 1 гледич,липа,бреза,орев, копривка и кисело дрво), коишто се наоѓаат на **ул. “Гиго Михаиловски” бр.10 влез 1,2 и 3 – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје најдоцна во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**ВАШ ЕКО-ДОМ Управител Дооел Скопје, бул.“Партизански одреди” бр.37/к-2 мезанин Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр.**14-6/114** од **06.03.2025** година, за кастрење на дрва коишто се наоѓаат на **ул.“Гиго Михаиловски” бр.10 влез 1,2 и 3 – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје и службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека чемпресите се високи и навалени дрва поради што е потребно да се изврши намалување на висината на стеблата. Останатите дрва имаат широко разгранета крошна со суви и кршливи гранки надвиснати над патеката и паркинг просторот што паѓаат и може да предизвикаат материјална или друга штета поради што треба да се искастрат.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичко планска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило дека зеленилото е во состојба што треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/114/2**
**19.03.2025** година
Скопје

изготвил:
**Сандра Димовска**

______________________

Раководител на Одделение
**Емил Ѓуровиќ**

______________________

Помошник Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**

______________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

______________________